# КЛУЧНИ СИСТЕМИ ВО УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

**Клучните системи во урбанистичкото планирање се:**

- **системот на активности,**
- **системот на планирање и развој и**
- **системот на животната средина**

**Улогата на системите е да го оформат контекстот во кој се реализира урбанистичкото планирање.**

За таа цел, секој од горенаведените системи имаат свои претставници кои учествуваат и цели кои треба да се остварат во процесот на урбанистичкото планирање.

Ваквите околности создаваат специфични меѓусебни односи и релации помеѓу чинителите, кои влијаат на постојните состојби и нивната трансформација при развојот на урбанистичкото планирање.

**Чинители во системите на планирање**

**=**

**Актери/претставници и цели во процесите на урбанистичкото планирање**

## 1. Систем на активности:

**Ги опфаќа поединците, домаќинствата, фирмите и институциите и нивните дневни активности и интеракции заради задоволување на сопствените потреби.**
**Овој систем опфаќа *активности* кои се локализирани, како и *комуникации* помеѓу различните места на реализација на активностите**
*Активностите* директно се одразуваат врз дистрибуцијата на намените на земјиштето, а *комуникациите* врз комуникациските мрежи во населбата.

| претставници: | активности (цели): |
| --- | --- |
| - **поединци и домаќинства** | **- активности за задоволување на основните потреби;**<br>**- активности за социјализација;**<br>**- деловна и социјална интеракција;**<br>**- одмор и рекреација;** |
| - **фирми / претпријатија** | **- производство на добра и услуги за сите претставници;** |
| - **институции** | **- активности за индивидуален развој (образование, култура, здравство...);**<br>**- основни јавни сервиси (вода, струја, отпад, заштита...)** |

**<u>сегмент на ПОБАРУВАЧКА</u>**

## 2. Систем на планирање и развој:

**Ги опфаќа промената, адаптирањето и изградбата на земјиштето и објектите заради задоволување на различни потреби на жителите, фирмите и институциите преку создавање на просторни услови за реализација на различни дејности и активности**

| претставници: | планирање и развој (цели): |
| --- | --- |
| - сопственици на земјиштето ↔ | - пазар на земјиште; |
| - претприемачи / инвеститори ↔ | - реализација на намената / пренамената на градежното и друго земјиште согласно планските документи; |
| - непосредни корисници ↔ | - купување или изнајмување на локации и објекти за реализација на активностите; |
| - финансиски посредувачи ↔ | - финансирање на трансакциите; |
| - локална самоуправа ↔ | - донесување и спроведување на планови; |
| - урбанисти / архитекти ↔ | - изработка на планови и проекти |
| - граѓани, здруженија на граѓани, НВО... ↔ | - учество во процесот на донесување на плановите |

**<u>сегмент на ПОНУДА</u>**

## 3. Систем на животната средина:

**Ги опфаќа состојбите на биотичките и абиотичките системи генерирани од процесите во природата и ги создава условите за опстојување на луѓето и населбите**

**претставници:**

- **биотички – растителни и животински заедници** ⟷ **- процеси во екосистемите;**

- **абиотички – вода, воздух, земја** ⟷ **- процеси во:**
  **- хидролошкиот систем;**
  **- аеролошкиот систем;**
  **- геолошкиот систем;**

**животна средина (цели):**

## <u>сегмент на КОНТРОЛА</u> на системите на понуда и побарувачка

**Во контекст на клучните системи во урбанистичкото планирање градската физичка структура претставува резултат на:**

- **интеракциите помеѓу клучните системи (претставници) условени од нивните особености и трансформации;**

- **взаемното дејствување на пазарни и политички процеси;**

- **Реконсилијација/баланс на јавниот и поединечниот интерес, односно на интересите на различните општествени групи и поединци**

**ДОКОЛКУ КЛУЧНИТЕ СИСТЕМИ НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ ИМААТ ЗА ЦЕЛ ДА ЈА АРТИКУЛИРААТ ГРИЖАТА ЗА** ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС, **СИТЕ ЧИНИТЕЛИ И ПРЕТСТАВНИЦИ ВО ПРОЦЕСИТЕ ТРЕБА ДА СОЗДАДАТ УСЛОВИ ВО КОИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА СОВРЕМЕНИТЕ ГРАДСКИ ПРОСТОРИ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ:**

1. Јавниот интерес да биде вграден во предизвиците но и вредностите на градот (или одредена локација во градот)

2. Елиминација и маргинализација на просторните, социјалните или економските концепти за град кои се неетички и нереални (сите оние кои се исклучиво инвестициски или популистички)

3. Идентификација на разликите и конфликтите, како и сличностите и синергиите на различните групи на чинители (граѓани, локална самоуправа, сопственици, инвеститори), бидејќи сите се подеднакво вредни корисници на градскиот простор

4. Препознавање на специфичните потенцијали на секој град (или одделна локација)

5. Активирање на јавната дебата како дел од процесот на урбанистичко планирање, со цел изнаоѓање на решенија кои ќе го артикулираат јавното мислење пред, а не откако се презентира конечно решение за просторот

# УП2





**КОЛКУ!?**





# УП2


Illustrative Plan
Connection to Jordan River Trail
Central Park
Jordan River Parkway
River to Range Park
Bangerter Highway
Views to Mountains
13800 S
14000 S
Interstate 15
Signature Office District
Views to Mountains
Connection over I-15
Community Gardens
Porter Rockwell Boulevard
Potential Institutional Anchor
W 16600 S





**<u>ШТО!?</u>**











**КАКО!?**





## РАСПОРЕД НА ОБВРСКИ 29.12.2025:

**ТЕРМИНИ ЗА ВЕЖБИ (Задача 5 консултации):**

**ГРУПИ 1, 4 и 7 училна 215 од 09.00-10.00h**

**ГРУПИ 2, 5 и 8 училна 215 од 10.00-11.0h**

**ГРУПИ 3, 6 и 9 училна 215 од 13.00-14.00h**

**ВЕЖБА 4 се предава во училна 215 најдоцна до 14.00h**

## РАСПОРЕД НА ОБВРСКИ 09.01.2026:

**ТЕРМИНИ ЗА КОНСУЛТАЦИИ (СЕМИНАРСКА) училна 215 од 09.00-10.00h**

**ГРУПИ 1, 4 и 7 училна 215 од 10.00-11.30h**

**ГРУПИ 2, 5 и 8 училна 215 од 11.30-13.00h**

**ГРУПИ 3, 6 и 9 училна 215 од 13.00-14.30h**

**ВЕЖБА 5 се предава во пред почетокот на тестот во терминот за колоквиум**

**СЕМИНАРСКАТА РАБОТА се предава на 20.01.2026 (прв ден на студио недела) во училна 215 најдоцна до 14.00h**